Врз основа на член 89, став 4 од Законот за банките, точки 18 и 19 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка и член 88, став 4 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, **НАДЗОРНИОТ ОДБОР** изврши

## ОЦЕНКА НА СООДВЕТНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

### 1.1. Поединечна оценка на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор

- **Тихомир Ангелов Атанасов – претседател на Надзорниот одбор**

Тихомир Ангелов Атанасов од 1997 година до моментов е вработен на раководни функции, членувал во надзорен одбор, управен одбор и бил прокурист на видни компании на територијата на Република Бугарија, вклучително и во мајката банка, Централна кооперативна банка АД Софија. Овие работни позиции и искуство со сигурност укажуваат на особена упатеност и голема професионалност во корпоративното управување во Банката, почитување и информираност во врска со законската регулатива и прописите, договорните обврски, обврските како претседател на Надзорниот одбор, соработка со ревизорските и другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на ЦКБ АД Скопје. Долгогодишното работење како претседател на Надзорниот одбор на Банката, укажува на неговото неспорно познавање на финансиската состојба и профилот на ризичност на истата. Со својот активен ангажман и работа во Надзорниот одбор, Тихомир Ангелов Атанасов има големо разбирање на активностите коишто ги врши Банката, нејзината финансиска состојба, профилот на ризичност и материјалните ризици на коишто истата е изложена.

Тихомир Ангелов Атанасов во својство на претседател на Надзорниот одбор се грижеше за правилно функционирање на Одборот во текот на 2025 година. Седниците се свикуваа и се одржуваа редовно и навремено согласно со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Статутот и Деловникот за работа на Надзорниот одбор на Банката. Претседателот на Надзорниот одбор го утврдуваше дневниот ред на седниците, претседаваше и раководеше со истите, отвораше расправа по точките од дневниот ред. По утврдување дека дискусијата е исцрпена, го формулираше предлогот којшто треба да се одобрува. Претседателот на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје во текот на 2025 година се грижеше за навремено доставување на потребните материјали и предлог-одлуки, обезбедуваше целосни и навремени информации до членовите на Надзорниот одбор. Обезбедуваше транспарентно и документирано донесување одлуки со цел исполнување на обврските од законската, подзаконската регулатива на НБРСМ и останатата регулатива, како и од интерните акти на Банката. Поттикнуваше активна и отворена дискусија на седниците, учествуваше во расправите, даваше свои конструктивни предлози и насоки за понатамошно работење и во одлучувањето на Одборот и ги потпишуваше донесените одлуки и останати акти. Со своето експертско искуство во доменот на финансиската дејност вршеше оценка на ризиците на Банката, на остварените финансиски резултати, со давање предлози за нивно подобрување и вршеше анализа и оценка на кредитните барања, коишто се во надлежност на Надзорниот одбор.

Претседателот на Надзорниот одбор се грижеше за одржување добри, коректни и професионални односи меѓу членовите на Надзорниот одбор, воспоставување и одржување соработка со Управниот одбор со цел обезбедување квалитетни, точни, прецизни извештаи, предлог-политики и друга документација во материјалите за

седниците, коишто овозможуваат подобро запознавање со процесите и проблемите за коишто се одлучува, како и за ефикасен надзор над воспоставувањето, организацијата и одржувањето адекватен систем на внатрешна контрола.

Тихомир Ангелов Атанасов даде исклучително квалитетен, конструктивен и ефективен придонес за успешно работење на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.

Како член на Одборот за ревизија придонесе за успешно координирање на активностите на Одборот за ревизија и на Надзорниот одбор, придонесуваше за остварување добра соработка помеѓу Надзорниот одбор со Управниот одбор, Одборот за ревизија, Одборот за управување со ризици и Кредитниот одбор на Банката.

Тихомир Ангелов Атанасов во текот на 2025 година беше со целосна посветеност, како при организирањето на предлозите и седниците, така и во спроведувањето на дискусиите, со давање конструктивни предлози за унапредување на работењето на Банката, подобрувањето на нејзината репутација и грижа за нејзините клиенти и понуда на најповолни можни производи и услуги.

Во досегашното работење во Централна кооперативна банка АД Скопје не е евидентно постоење судир на личниот интерес на Тихомир Ангелов Атанасов со интересот на Банката, односно немало ограничување на неговата способност објективно и независно да ги извршува надлежностите и способноста да врши независна и објективна оценка на решенијата, кои се предлагаат од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење на колективните ставови.

Тихомир Ангелов Атанасов во текот на 2025 година зеде активно учество на 12 (дванаесет) седници и 8 (осум) пати даваше согласност за донесување одлуки без одржување седница, состанок.

- **Јонко Дочков Петров – заменик претседател на Надзорниот одбор**

Јонко Дочков Петров има богато професионално искуство во областа на банкарството и финансиите со што придонесува за успешното исполнување на задачите како член и заменик претседател на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје.

Имајќи ја во предвид неговата досегашна работна кариера, го прави достоен независен член на Надзорниот одбор на Банката, којшто дава свој личен и професионален придонес во работењето на Надзорниот одбор на Банката, особено во делот на управување со ризиците и развојот и имплементацијата на ИТ системите.

Јонко Дочков Петров има долгогодишен работен стаж во банкарскиот сектор во Република Бугарија, во делот на анализа и управување со ризиците.

Стекнатото образование и обуки, како и досегашното богато работно искуство потврдуваат дека г-дин Јонко Дочков Петров поседува репутација, упатеност и професионалност во корпоративното управување во банка, почитување на законската регулатива и прописите, договорните обврски, успешна соработка со ревизорските и другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности коишто ги негува Банката. Со својот активен ангажман и работа истиот има особено разбирање на активностите коишто ги врши Банката и материјалните ризици на коишто таа е изложена.

Јонко Дочков Петров во својата работна кариера работи како внатрешен ревизор, аналитичар за анализа и управување со ризикот и од 2007 година ја извршува функцијата Директор на Дирекција за анализа и управување со ризикот во Централна кооперативна банка, гр. Софија, Р.Бугарија.

Познавањата стекнати во текот на долгогодишниот работен стаж во сферата на банкарството, корпоративните финансии и управување со финансиски ризици, добрите познавања на пазарите на капитал, заедно со искуството стекнато со работа на проекти, различни по својот карактер, го прават достоен независен член со богато искуство, кој што се одликува со компетентност и способност за независна оцена при одлучувањето, кој што ќе придонесе за примена на добро корпоративно управување со Банката и надградба на работењето на истата.

До овој момент не е констатиран судир на неговиот интерес со интересот на Банката, кој што може да ја попречи или ограничи неговата способност за извршување независна и објективна оцена на решенијата предложени од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење на колективни ставови.

Со својот досегашен ангажман има знаење и разбирање за активностите коишто ги врши Банката и материјалните ризици на коишто таа е изложена, со доследно познавање и почитување на законските прописи, актите и политиките на Банката, како и супервизорските стандарди.

Имајќи ја предвид досегашната успешност во неговите досегашни професионални ангажмани, коишто според нивната природа и време на извршување, му овозможуваат да посветува доволно време за извршување на надлежностите, па може независно и професионално да ги извршува обврските коишто произлегуваат како член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.

Јонко Дочков Петров во текот на 2025 година, зеде активно учество на 12 (дванаесет) седници и 8 (осум) пати даваше согласност за донесување одлуки без одржување седница, состанок.

- **Христо Георгиев Христов – член на Надзорниот одбор**

Во текот на својата кариера г-дин Христо Георгиев Христов има работено како експерт по реосигурување, управител на консултантска куќа, од 2001 година до средината на 2019 година беше правен консултант во Централна кооперативна банка АД Софија, а од 2013 година до средината на 2019 година и претседател на Комитетот за следење, оценка, класифицирање и резервации на ризичните изложености во истата банка, а потоа работи и како адвокат. Во 2008 година е именуван за член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје и член на Одборот за ревизија и во истите членува до моментов.

Наведените работни позиции и искуство со сигурност укажуваат на неспорна упатеност и голема професионалност во корпоративното управување во Банката, почитување и особена информираност во врска со законската регулатива и прописите, договорните обврски, соработка со ревизорските и другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности на ЦКБ АД Скопје. Со својот активен ангажман и учество во Надзорниот одбор, Христо Георгиев Христов има особено разбирање на активностите коишто ги врши Банката, нејзината финансиска состојба и материјалните ризици на коишто таа е изложена.

Како резултат на своето долгогодишно искуство како правен консултант, Христо Георгиев Христов во својство на член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје значително придонесе за ефикасно функционирање и успешно остварување на надзорната функција на Одборот. Активно и објективно, со изнесување свои предлози, забелешки и мислења, учествуваше во дискусиите на седниците, во разгледувањето и донесувањето на актите во надлежност на Надзорниот одбор. Со редовното присуство на седниците на Надзорниот одбор, одржани во 2025 година, поттикнуваше аргументирани расправи со конструктивни предлози, со цел успешно остварување на своите надлежности, како и резултатите на Банката. Христо Георгиев

Христов беше посветен на работата на Надзорниот одбор и даде активен придонес во работењето на Банката, преку примената на корпоративото управување на истата. Христо Георгиев Христов се грижеше за обезбедување квалитетни, точни, прецизни извештаи, предлог-политики и друга документација во материјалите за седниците, коишто овозможуваат подобро запознавање со процесите и проблемите за коишто се одлучува, како и за ефикасен надзор над воспоставувањето, организацијата и одржувањето адекватен систем  на внатрешна контрола.

Во досегашното работење во ЦКБ АД Скопје не е евидентно постоење судир на личниот интерес на Христо Георгиев Христов со интересот на Банката, односно немало ограничување на неговата способност објективно и независно да ги извршува надлежностите и способноста да врши независна и објективна оценка на решенијата, коишто се предлагаат од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење на колективните ставови.

Како член на Одборот за ревизија зеде активно учество во координирањето на активностите на Одборот за ревизија и Надзорниот одбор, имајќи исклучително квалитетен и конструктивен придонес во ефикасното работење на истите.

Христо Георгиев Христов во текот на 2025 година зеде активно учество на 12 (дванаесет) седници и 8 (осум) пати даваше согласност за донесување одлуки без одржување седница, состанок.

- **Јордан Борисов Христов – член на Надзорниот одбор**

Јордан Борисов Христов има богато професионално искуство во областа на сметководството и ревизијата пред се како Директор на Дирекција за финансии и сметководство и Главен специјалист во Дирекција за финансии и сметководство во “Централна кооперативна банка” АД, гр. Софија – банка.

Неговото долгогодишно искуство и работен ангажман во делот на сметководство и ревизија му овозможија да се стекне со знаење и искуство за поставеноста на системите и профилот на ризичност на Централна кооперативна банка АД Скопје, како и со обврските на Банката по основ на договори кон супервизорски и други надлежни органи.

Јордан Борисов Христов нема изјавено дека постои судир на нејзиниот интерес со интересот на Банката, којшто може да ја попречи или ограничи нејзината способност за извршување независна и објективна оценка на решенијата предложени од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење колективни ставови.

Членот на Надзорниот одбор Јордан Борисов Христов, беше посветен на работата на Надзорниот одбор и активно учествуваше во дискусиите по точките од дневниот ред на седниците на Надзорниот одбор на ЦКБ АД поттикнуваше активна расправа по точките од дневниот ред, даваше свои конструктивни предлози и насоки за понатамошно работење, со што имаше  квалитетен, конструктивен и ефективен придонес за ефикасно работење на Одборот.

Како претседател на Одборот за ревизија Јордан Борисов Христов, исто така, придонесе во остварувањето на успешна и координирана соработка на двата одбора. Записниците од седниците од Одборот за ревизија редовно се разгледуваа од страна на Надзорниот одбор.

Јордан Борисов Христов во текот на 2025 година зеде активно учество на 10 (десет) седници и 8 (осум) пати даваше согласност за донесување одлуки без одржување седница, состанок.

- **Светослав Димитров Мичев – независен член на Надзорниот одбор**

Светослав Димитров Мичев има богато професионално искуство во областа на банкарството и финансиите со што придонесува за успешното исполнување на задачите како независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје.

Имајќи ја во предвид неговата досегашна работна кариера, го прави достоен независен член на Надзорниот одбор на Банката, којшто дава свој личен и професионален придонес во работењето на Надзорниот одбор на Банката, особено во делот на управување со ризици.

Стекнатото образование и обуки, како и досегашното богато работно искуство потврдуваат дека Светослав Димитров Мичев поседува репутација, упатеност и професионалност во корпоративното управување во банка, почитување на законската регулатива и прописите, договорните обврски, успешна соработка со ревизорските и другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности коишто ги негува Банката. Со својот активен ангажман и работа истиот има особено разбирање на активностите што ги врши Банката и материјалните ризици на коишто таа е изложена.

Светослав Димитров Мичев има долгогодишен работен стаж во банкарскиот сектор во Република Бугарија, на повеќе работни позиции, во повеќе сектори, а особено во делот на управување со ризични активи и проблематични заеми.

Познавањата стекнати во текот на долгогодишниот работен стаж во сферата на банкарството, корпоративните финансии и управување со финансиски ризици, заедно со искуството стекнато со работа на проекти, различни по својот карактер, го прават достоен независен член со богато искуство, којшто се одликува со компетентност и способност за независна оцена при одлучувањето, којшто придонесува за примена на добро корпоративно управување со Банката и надградба на работењето на истата.

До овој момент не е констатиран судир на неговиот интерес со интересот на Банката, кој што може да ја попречи или ограничи неговата способност за извршување независна и објективна оцена на решенијата предложени од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење на колективни ставови.

Со својот досегашен ангажман има знаење и разбирање за активностите коишто ги врши Банката и материјалните ризици на коишто таа е изложена, со доследно познавање и почитување на законските прописи, актите и политиките на Банката, како и супервизорските стандарди.

Имајќи ја предвид досегашната успешност во неговите досегашни професионални ангажмани, кои според нивната природа и време на извршување, му овозможуваат да посветува доволно време за извршување на надлежностите, па може независно и професионално да ги извршува обврските што произлегуваат од членството како независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.

Светослав Димитров Мичев во текот на 2025 година, зеде активно учество на 12 (дванаесет) седници и 8 (осум) пати даваше согласност за донесување одлуки без одржување седница, состанок.

- **Вангел Валчев Спиров – независен член на Надзорниот одбор**

Вангел Валчев Спиров има богато професионално искуство во областа на банкарството и финансиите со коешто придонесува за успешното исполнување на задачите како независен член на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје.

Имајќи ја во предвид неговата досегашна работна кариера, го прави достоен независен член на Надзорниот одбор на Банката, којшто дава свој личен и професионален придонес во работењето на Надзорниот одбор на Банката, особено во делот на корпоративното управување и управувањето со ризици.

Вангел Валчев Спиров има долгогодишен работен стаж во банкарскиот сектор во Република Бугарија, во повеќе банки и на повеќе работни позици. Во текот на својата кариера работел како раководител и главен правен консултант во приватна компанија, по што од 2001 година ја започнува својата банкарска кариера на повеќе работни позиции кои вклучуваат правен консултант, заменик директор и директор на правна дирекција, како и член на извршен одбор на Банка, а во моментов истиот работи како правен консултант.

Стекнатото образование и обуки, како и досегашното богато работно искуство потврдуваат дека г-дин Вангел Валчев Спиров поседува репутација**,** упатеност и професионалност во корпоративното управување во банка, почитување на законската регулатива и прописите, договорните обврски, успешна соработка со ревизорските и другите надлежни органи и почитување на корпоративната култура и вредности коишто ги негува Банката. Со својот активен ангажман и работа истиот има особено разбирање на активностите што ги врши Банката и материјалните ризици на коишто таа е изложена.

Познавањата стекнати во текот на долгогодишниот работен стаж во сферата на банкарството, корпоративните финансии и управување со финансиски ризици, заедно со искуството стекнато со работа на проекти, различни по својот карактер, го прават достоен независен член со богато искуство, кој се одликува со компетентност и способност за независна оцена при одлучувањето, кој ќе придонесе за примена на добро корпоративно управување со Банката и надградба на работењето на истата.

До овој момент не е констатиран судир на неговиот интерес со интересот на Банката, кој што може да ја попречи или ограничи неговата способност за извршување независна и објективна оцена на решенијата предложени од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење на колективни ставови.

Со својот досегашен ангажман има знаење и разбирање за активностите што ги врши Банката и материјалните ризици на коишто таа е изложена, со доследно познавање и почитување на законските прописи, актите и политиките на Банката, како и супервизорските стандарди.

Имајќи ја предвид досегашната успешност во неговите досегашни професионални ангажмани, кои според нивната природа и време на извршување му овозможуваат да посветува доволно време за извршување на надлежностите, па може

независно и професионално да ги извршува обврските што произлегуваат од членството како независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.

Вангел Спиров во текот на 2025 година, зеде активно учество на 12 (дванаесет) седници и 8 (осум) пати даваше согласност за донесување одлуки без одржување седница, состанок.

- **Нели Димитрова Кордовска - независен член на Надзорниот одбор**

Г-ѓа Нели Димитрова Кордовска со своето долгогодишно професионално работно искуство во банкарскиот и финансискиот сектор како дел од органите за надзорна политика во Бугарската Народна Банка и член во многу реномирани европски комитети за управување со ризик коишто се дел од Европскиот систем на Централни Банки со седиште во Франкурт – С.Р.Германија даде квалитетен, конструктивен и ефективен придонес за успешно работење на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.

Нејзиното долгогодишно искуство и ангажман во меѓународоното финансиското работење познавањето на меѓународните стандарди и законската регулатива и овозможија да се стекне со големо познавање на финансиската состојба и функционирањето и поставеноста на системите за надзор и контрола на работењето и профилот на ризичност на Централна кооперативна банка АД Скопје, како и со обврските на Банката по основ на договори кон супервизорски и други надлежни органи.

Ѓ-га Нели Димитрова Кордоовска нема изјавено дека постои судир на нејзиниот интерес со интересот на Банката, којшто може да ја попречи или ограничи нејзината способност за извршување независна и објективна оценка на решенијата предложени од другите членови на Надзорниот одбор, самостојно да ги анализира одлуките на Управниот одбор и да избегнува следење колективни ставови.

Назвисниот член на Надзорниот одбор ѓ-га Нели Димитрова Кордовска, беше посветена на работата на Надзорниот одбор, отвораше расправи и активно учествуваше во дискусиите по точките од дневниот ред на седниците на Надзорниот одбор на ЦКБ АД поттикнуваше активна расправа по точките од дневниот ред, даваше свои конструктивни предлози и насоки за понатамошно работење, со што имаше квалитетен, конструктивен и ефективен придонес за ефикасно работење на Одборот.

Како член на Одборот за ревизија ѓ-га Нели Димитрова Randoвска, исто така, придонесе во остварувањето на успешна и координирана соработка на двата одбора.

Ѓ-га Нели Димитрова Randoвска во текот на 2025 година зеде активно учество на 3 (три) седници и 2 (два) пати даваше согласност за донесување одлуки без одржување седница, состанок.

**1.2. Колективна оценка на работењето на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Членовите на Надзорниот одбор на Централна кооперативна банка АД Скопје заедно имаат знаење и искуство потребни за независен надзор на работењето на Банката, разбирање на активностите и работењето на Банката, а особено разбирање на материјалните ризици на кои е изложена Банката.

Имајќи го предвид моменталниот состав на Надзорниот одбор, образованието на неговите членови, како и нивните професии и досегашно професионално искуство, Одборот ги остварува своите надлежности, како законски така и статутарни, бидејќи сите заедно имаат знаење и искуство од различни области коишто овозможуваат Надзорниот одбор да може да го оценува и следи работењето на Управниот одбор и одлуките што тој ги носи, како и да го следи работењето на лицата надлежни за функциите на контрола. Членовите на Надзорниот одбор имаат познавање и искуство од областа на управување со ризиците, вршењето финансиски анализи, финансиско известување и сметководство, информациска технологија, пазарите на капитал, стратешко планирање, внатрешна ревизија, усогласеност со прописите, што сè заедно придонесува кон зголемена ефикасност во остварување на својата должност во надзорот над работењето на Банката, запознаеност со значајните промени во нејзиното работење и во нејзиното окружување и навремено дејствување за заштита на долгорочните цели на Банката.

Сите членови на Надзорниот одбор заедно имаат соодветно разбирање и познавање на локалната, регионалната и глобалната економија и финансии, запознаени се со соодветната домашна регулатива и меѓународни стандарди и поседуваат способност за размена на искуства и знаења и меѓусебна соработка.

Членовите на Надзорниот одбор поседуваат интегритет, стручност, професионалност, способност за размена на искуства и знаења и крајно одговорно и

посветено работат на создавање на услови за добро работење и управување со Банката и за нејзината стабилност, обезбедувајќи услови за одржување ефикасна соработка со НБРСМ, останатите регулаторни органи и сите релевантни органи и институции во земјата.

Врз основа на реализиранаta оценка на адекватност се констатира позитивна оценка за соодветноста на членовите на Надзорниот одбор во 2025 година.

**Претседател на Надзорен одбор,**
**г. Тихомир Атанасов**